

списание за ПРОМОВИРАЊЕ на БИБЛИСКАТА

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на иднината

месечно издание

број 15 • Година II, 2017 • цена 30 денари

9 771857 951005













Откопувањето на храмот на Артемида

Куќата на Марија во Ефес

Богатството на Ватикан

Олимписките игри

Храмот на Зевс

Пророчици во Библијата

Во овој број: **ДИЈАНА ЕФЕСКА**

**КОРИНТ** на крстопат

*„Голема е Дијана Ефеска!“ два часа извикувале илјадници гневни луѓе во театарот во Ефес (Дела 19,34). Причината за протестот била проповедањето на Павле, кое било толку ефективно што златарите останале без работа. Никој не ги купувал нивните кипови од Дијана. Димитриј, кој очевидно бил водачот на сојузот на златарите, ги собрал за да ги поттикне против апостол Павле, кој не само што претставувал закана за нивниот занает, туку и да го обезвредни обожавањето на големата божица Дијана.*

Оваа Дијана не треба да се изедначува со Дијана, божицата на ловот од грчката митологија. За да се избегне секоја несигурност, во овој текст ќе ја нарекуваме Дијана со нејзиното вистинско име - Артемида. Храмот на Артемида бил рано ставен на списокот на седумте светски чуда и иако бил напуштен во 401 година современите археолози сè уште се восхитуваат на нејзината величественост.



Претстава на храмот како што се смета дека изгледал во античко време

## Лоцирање на храмот

Првите археолози знаеле дека храмот на Артемида бил надвор од градот Ефес, но никој не знаел каде се нејзините урнатини. Еден англиски архитект по име Џон Тртл Вуд (John Turtle Wood) бил опседнат со желбата да го пронајде изгубениот храм. Потпомогнат финансиски од Британскиот музеј, во 1863 г. тој започнал ископувања во калливата рамница околу Ефес надевајќи се дека ќе пронајде некои остатоци од славниот храм. Бил упорен во текот на шест години, ископувајќи слој по слој, но безуспешно. Конечно, среќата му се насмевнала. Во мај 1869 г., додека копал во стариот амфитеатар, открил древен натпис кој му помогнал во натамошната работа. Еден римски верник донирал неколку златни и сребрени ликови на Артемида во храмот, а за да можат сите да ја видат и да се восхитуваат на неговата дарежливост, донаторот дал детални инструкции за начинот и времето кога неговите дарови требало да парадираат низ градот. На празнувањето на роденденот на божицата ликовите требало да бидат изнесени од храмот, да поминат низ Магнезиумовата порта, до амфитеатарот и назад.



Џон Тртл Вуд



Вуд ја открил портата и следејќи ја патеката наведена од гордиот Римјанин, се упатил на една милја североисточно од градот. На тоа место почнал со ископувања, па кога стигнал до околу 8 метри во длабочина, открил траги на прекрасен плочник прекриен со искршен мермер. Вуд го идентификувал како носечки камен на еден од столбовите на храмот според описот на Плиниј, кој ги опишал прекрасно изгравираните столбови на древниот храм на Артемида.

## Откопување на храмот

Продолжувајќи ја својата работа и во наредните четири години Вуд открил и други остатоци (но не доволно) од платформата (говорницата) на храмот изграден по 350 година пред Христа. Под неа неговата лопата открила и платформа од претходно изграден храм со идентична големина и план, кој бил идентификуван како храмот на Артемида, за чија изградба помогнал Крес. Остатоците од двата храма биле однесени во Британскиот музеј. Ова претставувало почеток на „копањето“ кое се вршело непрекинато повеќе од сто години. Ископувањето на храмот на Артемида не било вообичаена задача ниту, пак, лесна, поради поплавениот терен во близина на реката Кајстер (Cayster) во Ефес. Во 1904 г. археологот Д. Г. Хогарт, исто така од Британскиот музеј, под постарата платформа открил остатоци од три други структури кои датирале од 6 век пред Христа. Тоа биле олтари на Артемида кои биле изградени и уништени



Локацијата на ископувањата



најмалку трипати пред да биде изграден првиот храм. Храмот на Артемида, кој предизвикувал чудење и восхит во древниот свет, бил голема правоаголна мермерна градба. Конструкција од мермерни скали водела до горната тераса на храмот, кој бил долг 131 метри и широк 78,5 метри. Се наоѓал во центарот на огромен отворен двор, опкружен со колонада од 127 богато украсени столбови. Од детално украсените мермерни основи, тенките столбови се издигнувале 20 м во височина и биле украсени со раскошно изработени капители. Забележителна карактеристика на храмот биле трите отвори или прозорци поставени високо на триаглестиот покрив или педимент на фасадата. Централниот отвор имал две врати обградени со статуи на амазонки, па токму низ тој отвор божицата им се појавувала на своите обожаватели кои стоеле долу во дворот. Куќата во која живеела божицата се наоѓала во средината на градбата.



## Статуата на Артемида

Не постои доказ дека статуата на Артемида наликувала на некои други богови и божици кои биле со огромни пропорции. Иако нејзиниот храм бил ненадминлив по својата величественост, самата статуа на Артемида веројатно не била многу поголема од реалната висина на еден човек. Таа најчесто била прикажувана како жена со голем број свиснати дојки, кои ја симболизирале нејзината положба како продуктивна моќ на земјата, девица-мајка на целиот живот. Некои стручњаци истакнуваат дека отсуството на видливи брадавици на дојките би можело да значи дека таквите додатоци претставувале урми, модри патлиџани, желади, ноеви јајца или други замислени симболи на плодност. Под половината, телото на Артемида е обвиткано во платно за погреб и изгледа вкочането, како египетска мумија. Се чини дека ова потсетува на култниот предмет кој бил обожаван пред да биде изваjана скулптурата на Артемида. Овој култен предмет бил камен во облик на пчела, за кој се претпоставувало дека паднал од небото.

## Павле во Ефес

Кога Павле го посетил Ефес околу 57 г. по Христа (Дела на апостолите 19,35), златарите кои заработувале за живот продавајќи им мали статуетки од Дијана (Артемида) на нејзините обожаватели, кренале бунт обвинувајќи го дека поради неговото проповедање продажбата им се преполовила. Градскиот писар конечно ја смирил бунтовната толпа, потсетувајќи ги дека целиот свет е свесен дека Ефес е центар за обожавање на „големиот кип (бог) паднат од небото.“ Тоа веројатно бил метеорит на кој суеверните жители му припишале божествени особини и го обожавале. Главниот свештеник на овој стар култ секогаш бил евнух кој го носел службеното име Мегабиз. Се тврди дека самата Артемида била родена во Ортигија (Ortygia) близу Ефес. Дел од службата на Артемида се состоела од процесии во кои учествувале речиси сите жители на Ефес. Повод за таквите служби претставувал роденденот на божицата, или нејзината посета на театарот, или каква било друга пригода која служела како причина за славење. Придружувани од музичари, великодостојници на коњи, пејачи, танчари и животни за жртва, обожавателите ја носеле статуата на божицата низ улиците на Ефес и назад до нејзиниот храм каде што свештениците ја одржувале службата принесувајќи жртви.



Туристи на улиците на Ефес

## Изградбата на храмот

Точниот датум кога бил изграден првиот храм во чест на Артемида не е познат, но на лидискиот цар Крес, кој го освоил Ефес во шестиот век, му се припишува заслугата за збогатување и донирање на величественото реновирање на храмот на Артемида. Архитектите на овој храм, Керсифон (Chersiphon) и Метаген (Metagenes), дошле од Крит. Храмот, кој им се припишува на нив, бил повеќе од 100 м долг и 50 м широк, а неговите олуци на покривот биле украсени со детално обработени бордури. Овој храм бил намерно запален од некој фанатик на 21 јули 356 г. пред Христа, во истата ноќ кога се родил Александар Велики. Историјата ни говори дека кога Александар пораснал понудил да помогне во реконструкцијата на разрушениот храм, но Ефесјаните ја одбиле неговата помош со зборовите: „Еден бог не може да му принесе дар на друг бог.“ Архитектот Кеирократ (Kheirokrates) го изградил вториот храм на истата локација каде што се наоѓал првиот храм, па несомнено тој храм настрадал во текот на безбројните промени на власта што се случувале во Ефес, пред конечно тој да потпадне под римска јурисдикција во 133 г. пред Христа. Тогаш храмот на Артемида уживал голема популарност, а со популарноста пристигнало и богатството. Аџиите и туристите донесувале дарови, а бродовите морале да платат за привилегијата да го користат светото пристаниште на божицата. Храмот на Артемида, слично на еврејскиот храм и храмовите изградени во чест на други богови, станал место за азил. Меѓу попознатите лич-









Децата на Ксеркс побарале засолниште во храмот на Артемида

ности што побарале засолниште во храмот на Артемида биле и децата на персискиот цар Ксеркс. По неговиот пораз од Грците, тој ги испратил своите деца да побараат азил во храмот. Арсиноја (Arsinoe), полусестрата на Клеопатра, исто така побарала засолниште таму, но Марк Антониј го принудил главниот свештеник да ја предаде да биде убиена. Артемида не била многу успешна во својата заштитничка улога бидејќи повеќето од оние што побарале азил во нејзиниот храм биле извлечени оттаму и убиени.

## Ефес
### под римска управа

За време на римскиот период, и покрај неколкуте граѓански немири, Ефес одржувал стабилен статус станувајќи познат како „банка на Азија и најимпресивен пример во



Релјеф од ѕидот на библиотеката во Ефес

грчката земја како величествен град.“ Страбон (Strabo) го нарекол градот „најголем трговски центар од оваа страна на Таурус“. Сепак, храмот на Артемида, како и другите пагански објекти во тоа време, настрадале во жестоките напади на христијанството. Посетата на Павле го означила почетокот на големото собирање на христијани во градот, всушност, толку големо што Ефес се споменува во книгата Откровение како една од седумте цркви до кои се испратени посебни пораки.

## Куќата на Марија
### во Ефес

Според христијанската традиција, откако Исус, висејќи на крстот, му ја предал на својот ученик Јован одговорноста да се грижи за Девица Марија, тој ја одвел во Ефес, каде што таа подоцна и починала. Една градба во Ефес сѐ уште се покажува како „куќата на Марија“. Но, мала е веројатноста да е точно. Марија би била веќе во поодминати години во времето кога Јован го посетил Ефес, па веројатно ни тој самиот не би ја изложил Исусовата мајка на тешкотиите на едно толку долго мисионерско патување. Поверојатно е дека Марија умрела во Израел пред Јован да тргне за Мала Азија. На планината Сион во Ерусалим се наоѓа црква наречена „Dormition Sanctae Mariae“, што значи „Сонот на Св. Марија“, каде што има еден ковчег во центарот на црквата. Значи католичката црква во Ерусалим верува дека Марија била закопана таму, и дека оттаму се вознесла на небото.



## Од Артемида до Марија

Веројатно е повеќе од коинциденција фактот што Ефес, центарот за обожавање на женското божество, е истото место каде што се развило и почитувањето на Девица Марија. Кога обожавателите на Артемида се обратиле кон христијанството, разбирливо е дека тие најпрвин ќе ја почитуваат, а подоцна и ќе ја обожаваат Марија. Обожавањето на Марија тука станало толку силно што имало две цркви, од еден крај до друг, посветени на Девица Марија. Токму тука се одржал Соборот во Ефес во 431 г. кога Марија била прогласена за „Теотокос“, што значи „Божја мајка“ или „Онаа која го родила Бога“. Црковниот совет објавил дека „Секој што ќе каже дека светата, возвишена и вечна Девица Марија е само во извесна смисла, а не во потполност Мајка Божја... ќе биде анатемисан“ (проколнат). Подоцна, верувањето дека Марија била пренесена во тело на небото од страна на Христа, станало догма на католичката црква, а папата Јован Павле II тврдел дека посредувањето на Марија му го спасило животот кога атентаторот пукал во него. Поради тоа, папата го посветил светот на Марија.

Меѓутоа, во Библијата нема апсолутно никаква основа за обожавање на Марија. Всушност, не постои никаква библиска основа за многу верувања на римокатоличката црква.



Десно - „Куќата на Марија“ во Ефес, лево - црквата „Сонот на Св. Марија“ во Ерусалим

Тоа е причината зошто папската црква е откриена во библиското пророштво.



## Жената облечена во **скарлетноцрвена облека**

На помалку од 100 километри југоисточно од Ефес се наоѓа островот Патмос. Римската влада го протерала апостол Јован на овој остров поради неговата вера и таму Јован ги примил виденијата запишани во книгата Откровение. Тој запишал дека бил *„на островот, наречен Патмос, заради словото Божјо и заради сведоштвото на Исус“* (Откровение 1,9). Во 17. глава Јован го запишал виденето кое го имал за една лоша жена. Во 12. глава го забележавме пророштвото за една добра жена, која ја претставува добрата црква. Ако добрата жена ја претставува добрата црква, тогаш лошата жена ја претставува лошата црква. Мораме внимателно да ги проучиме деталите на ова пророштво за да препознаеме која црква е претставена. *„И ме одведе со духот во пустина: и видов жена како седи на црвен ѕвер, кој беше полн со богохулни имиња и имаше седум глави и десет рогови. А жената беше облечена во пурпур и скерлет“* (Откровение 17,3.4).

Пред многу години еден католички кардинал го посетил градот Лизмор (Lismore) во Австралија. Јас бев таму и присуствував на церемонијата која вклучуваше и ракоположување на еден епископ. Бев импресиониран од прекрасните бои на облеката во која беа облечени прелатите. Забележав дека кардиналот носеше бри-



лијантна скерлетна наметка, а присутните бискупи беа облечени во виолетова облека.

Следниот ден случајно се сретнав со еден католички свештеник со кого се познавав. Ја прокоментирав импресивната служба што ја гледав претходниот ден и го прашав: „Кои се доминантните бои на римокатоличката црква?“ Без двоумење, тој одговори: „Виолетова и скерлетноцрвена“. А овие бои можат да се видат на секоја поважна церемонија на таа црква: кардиналите, епископите и свештениците од понизок ранг се облечени во виолетова и во скерлетноцрвена.

## Богатството на **Ватикан**

Оваа пророчка жена беше *„накитена со злато, со драгоцени камења и бисери“* (4. стих). Посетителите на Ватикан во Рим можат да купат билет и да прошетаат низ Ватикан за да го видат неговото богатство. Изложените предмети вклучуваат многу папски свечени облеки кои по својот сјај го надминуваат кралскиот накит во Лондон. Ниту еден папа не го носи прекрасниот накит на својот претходник. При крунисувањето секој папа избира своја златна тијара или круна. Таа го прогласува за цар на небото, цар на земјата и цар на пеколот. Тој исто така прави своја колекција на облека и накит. Некои од богатствата на претходните папи се изложени, но тоа е само врвот од ледениот брег, бидејќи изложбениот простор не може да собере повеќе. Остатокот се чува во добро обезбедени трезори. Никој не може да ја пресмета вкупната вредност на таа колекција на злато и накит.

Јован видел како оваа жена *„се опива со крвта на светиите и со крвта на сведоците Исусови“* (6. стих). Недалеку од Ватикан се наоѓа црквата на Езуитите. Внатре има статуа на жена со копје во раката, која стои врз легнатите тела на Лутер и Калвин. Таа е прикажана како ги победува своите непријатели. Ова е сопствен опис на католичката црква за нејзината улога во историјата. Лутер и Калвин биле двајца великани – Божји луѓе кои протестирале против расипаноста што постоела во католичката црква во нивно време. Јован рекол *„Се зачудив многу кога ја видов“* (6. стих). Тој не можел да им поверува на очите дека потврдена христијанска црква би можела да биде одговорна за прогонството и тортурата врз маченицте кои не се согласувале со нејзините учења.

## **Мистичниот** Вавилон

Јован исто така напишал дека *„на челото ѝ беше напишано името: Тајна, великиот Вавилон“* (5. стих).



Внатрешноста на Базиликата Св. Петар, Ватикан

Кога Петар го напишал своето прво послание, тој го завршил со следните зборови: *„Ве поздравува црквата во Вавилон, избрана заедно со вас“* (1. Петрово 5,13). Во



римокатоличката „Douay“ верзија на Библијата, фуснотата за овој стих гласи: „Вавилон. Во фигуративна смисла, Рим.“ Оваа пророчка жена *„во раката своја држеше златна чаша, полна со гнасотија“* (Откровение 17,4). Идолопоклонството е *„одвратност пред ГОСПОД“* (5. Мојсеева 27,15). Секое лажно учење или лажна богослужба е одвратност, гнасотија. За жал, Црквата во Рим има многу лажни учења. Токму наспроти црквата Св. Јован во Рим се наоѓаат „Скалилата на Пилат“ (Pilate's Staircase). Се смета дека се тоа скалилата по кои Исус се искачил пред распнувањето. Според текстот, на верните христијани кои ќе се искачат по овие скали на колениците, им се припишуваат големи заслуги. Качувањето по скали на колена не е лесно, но секој ден стотици побожни католици го прават ова мачно искачување верувајќи дека тоа ќе го скрати нивното време во чистилиштето. Но, ваквото верување е резултат на лажното учење за оправдување со свои дела. А Библијата учи дека *„оправдани преку ВЕРАТА, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ, Исус Христос“* (Римјаните 5,1).



Верници на колена се искачуваат по „Пилатовите скали“

## Спасение преку верата, а не преку делата

Токму тоа била целта на големата протестантска револуција – спасение преку верата. *„Сите згрешија, и лишени се од славата Божја“* (Римјаните 3,23), и *„платата за гревот е смрт“* (Римјаните 6,23). Ние не можеме да платиме за да добиеме простување; не можеме да го заслужиме простувањето; не можеме ништо да направиме за да станеме достојни за простување.

Нашата единствена надеж е во прекрасната жртва која Исус Христос ја остварил за нас. Ние едноставно веруваме дека тој умрел за нашите гревови, а *„подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ“* (Римјаните 6,23).

## Бесмртноста на душата

Уште една лажна доктрина или гнасотија е верувањето во бесмртноста на душата. Во црквата на Капуцин-отците во Рим, биле закопани околу 4.000 починати членови на овој свет ред, а нивните коски биле ексхумирани и поставени во подрумот на црквата. Мора да се признае дека поставеноста на овие коски открива исклучителен уметнички талент. Може да се видат цветни аранжмани, лустери и геометриски фигури направени од човечки коски. Но, филозофијата зад сето тоа се наоѓа во изјавата за нивната вера – „прав, пепел, ништо.“ Што се однесува за припадниците на овој црковен ред, телесното воскреснување не значи ништо. Нивната надеж е сосредоточена на вечниот живот на душата. Но единствено Бог *„е бесмртен“* (1. Тимотеј 6,15), а *„која душа ќе згреши, таа ќе умре“* (Езекил 18,4). Идејата за бесмртноста на душата е една од гнасотиите во чашата на Рим.







Човечките коски во подрумот на црквата „Св. Богородица на безгрешното зачнување на Капучин“

## Исповедањето

Исповедањето е уште една лажна доктрина на Рим. Библијата учи дека *„еден е Бог и еден е посредник меѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус“* (1. Тимотеј 2,5). Никој не треба да оди кај човек-свештеник за да бара простување на гревовите. Ние имаме милостив Спасител кој чека да дојдеме директно кај него и да побараме простување. Не е важно колку гревови сме направиле, или колку грозоморни биле тие, *„Бог ја докажа љубовта своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни“* (Римјаните 5,8). Не треба да чекаме најнапред да се промениме; не треба да си докажеме дека сме достојни; можеме да дојдеме такви какви што сме, а Исус Христос чека да нè прими. По срамниот грев, прељубата со Вирсавеја, а потоа убиството на нејзиниот сопруг, Давид рекол: *„Ќе му ги исповедам на ГОСПОД моите престапи“* (Псалм 32,5). Нему не му бил потребен свештеник пред кого би ги исповедал своите гревови. Тој му се обратил директно на Бога и запишал: *„Ти ми ја прости вината на гревот мој“* (5. стих).

## Почитувањето на неделата

Светоста на неделата е уште една од лажните доктрини на Рим. Не постои библиски авторитет за празнување на првиот ден од седмицата како Шабат или свет ден. Може да се тврди дека недела е денот во кој Исус воскреснал, но тоа не го прави тој ден Шабат. Никаде во Библијата не пишува дека треба да ја празнуваме неделата затоа што Исус воскреснал од мртвите во тој ден. Тогаш исто така би можеле да кажеме дека треба да го празнуваме и петок, бидејќи Исус бил распнат и ја платил казната за нашите гревови во тој ден.

## Човечкиот број 666

Не постои сомнеж дека папската црква е претставена со жената во пурпур и скерлет, а водачот на оваа црква е човек со бројот 666. *„Тука е мудроста. Кој има ум, нека го*




*пресмета бројот на ѕверот, бидејќи е број на човек, и бројот му е шестотини шеесет и шест“* (Откровение 13,18). Човекот на главната позиција на римокатоличката црква е папата и тоа е *„бројот на неговото име“* (Откр. 15,2). Името може да претставува титула (Откр. 19,16), а бидејќи секој папа има поинакво име, овде се мисли на титулата. Една од титулите на папата е „Заменик на Синот Божји“ или на латински јазик „Vicarivs Filli Dei.“ Во латинскиот јазик нема посебни симболи за броевите. Буквите од азбуката имаат исто така и нумеричка вредност, па кога ќе се соберат броевите од оваа титула, се добива бројот 666.

| V | I | C | A | R | I | V | S | F | I | L | I | I | D | E | I | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 1 | 100 | / | / | 1 | 5 | / | / | 1 | 50 | 1 | 1 | 500 | / | 1 | =**666** |

Во врска со оваа црква, во Откровение 17,5 пишува: *„А на челото ѝ беше напишано името: ТАЈНА, ВЕЛИКИОТ ВАВИЛОН, МАЈКА НА БЛУДНИЦИТЕ.“* Папската црква тврди дека е мајка-црква. Една од најстарите христијански цркви во светот е црквата на Свети Јован Латеран во Рим, а на предниот дел од оваа црква се наоѓа натпис со кој се тврди дека е таа мајка и главна на сите други цркви.

## Ќерките на Рим

Но, ако е Рим мајката црква, кои се нејзините развратни ќерки? Тоа би биле оние цркви кои се согласуваат со небиблиските доктрини на Рим. Оние цркви кои ја празнуваат неделата и ги прифаќаат другите лажни учења на Рим, знаејќи дека нема никаква поткрепа во Библијата за ваквите доктрини, би требало да се сметаат за ќерки на римската црква. Но ова пророштво не претставува осуда за оние христијани во која било протестантска или католичка црква кои искрено веруваат во тие учења. Во моментов постојат многу искрени христијани кои не знаат дека овие лажни учења не се наоѓаат во Библијата, но еден ден Бог ќе ги повика да излезат од тие цркви. *„А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот. И извика силно, зборувајќи со силен глас: 'Падна, падна великиот Вавилон'... И чув друг глас од небото како вели: 'Излезете од неа, луѓе мои'“* (Откровение 18,1-4).



## Божјиот народ
### во Вавилон

Бог има свој народ во овие цркви. Тие живеат во согласност со светлината што ја имаат и Бог ги прифаќа за свои деца, и Тој вели *„излезете од неа луѓе МОИ.“* Но ако тие треба да ја напуштат жената во црвено, каде треба да одат? Јасно, кај чистата жена – црква од Откровение 12 глава која *„ги пази Божјите заповеди и го има сведоштвото на Исус Христос“* (17 стих). Ова е црквата која ги почитува сите десет заповеди вклучувајќи го и седмиот ден - сабота. Црквата на Адвентистите на седмиот ден е пријателска црква каде што посетителите се секогаш добредојдени. Зошто не ја посетите најблиската адвентистичка црква? Седмиот ден е сабота, кој Исус го почитувал и тој изјавил дека е *„Господар на саботата“* (Марко 2,28). Саботата е Божји ден во кој Тој нè повикува да го обожаваме.



# КОРИНТ НА КРСТОПАТ

Погледнете ја мапата на Грција. Ќе забележите дека на запад од Атина полуостровот Пелопонез изгледа како да виси од копното од Грција поврзан со тесно парче земја. Оваа провлака е само 6 км широка, но одиграла голема улога во историјата. На југ од неа се наоѓа древниот град Микена со својата спектакуларна лавовска порта. Градот Микена го добил своето име според Микене (Mykene), хероина спомената од страна на Хомер. Микенската цивилизација започнала во текот на бронзениот период, а својот подем го постигнала во исто време со богатата осумнаесетта династија на Египет. Според Хомер, Агамемнон



Микена



Златната маска на Агамемнон

бил моќен цар на Микена, а Менелај бил негов брат кој бил оженет со Хелена. Парис, синот на Пријам, царот на Троја, ја грабнал Хелена, и тоа го испровоцирало Агамемнон да објави војна против Троја, која ја зазел со трик кога неговите трупи влегле во Троја скриени во дрвен коњ. Хајнрих Шлиман (Heinrich Schliemann) започнал со ископување на Микена во 1876 г. и го пронашол големото богатство од царските гробници што ги открил.



Хајнрих Шлиман

# Спартанците



Спарта била најмоќната држава на полуостровот Пелопонез. Тајната на нејзината големина се состоела во ригорозната обука низ која минувале младите луѓе. Момчињата стекнувале образование во своите домови до својата седма година. Понатаму, за нивната обука се грижела државата. Музиката и литературата го заземале второто место, пред физичките вежби и воената обука која морале да ја поминат. Спартанскиот цар Леонида (Leonidas) раководел со одбраната на преминот кај Термопилите, против инвазијата на Персијците во 480 г. пред Христа. Тој и неговите 300 спартански војници херојски се бореле сè до својата смрт. Леонида бил обезглавен, а неговото тело било набиено на колец. Персиската војска потоа се упатила кон Атина, но Грците се повлекле на полуостровот Пелопонез. Само еден мал контингент останал да го брани Акропол, но тие биле масакрирани од страна на Персијците. Ископувањата во Спарта започнале во 1906 година при што било откриено дека голем број места означени во спартанската топографија одговарале на описот даден од Паусаниас, грчки патник од вториот век по Христа.



# Олимписките игри

Друг важен град на полуостровот бил Олимпија, од каде што потекнуваат олимписките игри. Тие биле мошне значаен дел од ритуалната служба на Зевс, царот на боговите. Олимпија била плодна област на Пелопонез на југот на Грција. Храмот и олтарот посветени на Зевс, небесниот татко, и на мајката земја, привлекувале верници од многу делови од тогашниот познат свет. Секоја четврта година гласниците заминувале во сите делови на грчката цивилизација да ги повикаат оние во чии вени течела грчка крв, да дојдат и да му се поклонат на Зевс во Олимпија. Интересно е да се забележи дека со еден вид „џентлменски договор“ сите внатрешни борби и немири престанувале додека се одржувале олимписките игри. Натпреварувачите, кои биле дел од богослужбата, морале да бидат Грци. Оние што не биле Грци, биле сметани за варвари. Многу од атлетските настани поврзани со богослужението на Зевс, потекнувале од настани во грчката историја или митологија. На пример, трката со кочии се одржувала во спомен на смртта на царот Еномај (Oenomaus), кој бил предупреден од еден пророк дека неговиот зет ќе го убие. Во времето кога го примил пророштвото, неговата ќерка била уште мала, но кога пораснала, царот бил мошне претпазлив со сите момчиња што ѝ се додворувале. На крајот смислил еден план.



Соборени столбови - остатоци од храмот на Зевс во Олимпија



# Трки со кочии



Како тест за неговата сила и вештина, секој додворувач бил поканет (можеби посоодветен термин би бил „му било наредено“) да учествува во трката со кочии против царот. Трката почнувала во Олимпија и се протегала околу 130 км до храмот на богот на морето, близу до Коринт. Додворувачот, соодветно на своето искуство, тргнувал на стартот и доколку победел во трката, би ја добил принцезата за жена, а подоцна и самиот трон. Но ако царот го престигнел, тоа значело смрт за додворувачот. Тринаесет вообразени млади момчиња ги загубиле своите животи, пред да биде надмудрен итриот цар. Не се знае точно како Пелоп, успешниот додворувач, го убил својот дедо (таткото на невестата). Според една верзија тој го поткупил царскиот коњушар да „ја среди“ оската на кочијата. Друга верзија е дека богот на морето се сожалил над вљубеното момче и предизвикал царската кочија да се скрши. Независно од овие верзии, останува фактот дека олимписките трки со кочии се одржувале во чест на Пелоп, чиј гроб заземал централно место меѓу светите градби на храмот.

Една од најголемите привилегии што ја добивале атлетските победници, била правото на приоритет на олимписките игри. Во Спарта било обичај царот да ги земе со себе во воените експедиции, да се борат близу до него и да бидат негови чувари. Нашите атлетичари можеби не го сметаат тоа за некаква привилегија, но постоела една награда која била подобра од златниот медал. Другата привилегија, во која предноста била соединета со честа, се состоела во тоа што тие можеле да живеат на сметка на државата до крајот на својот живот.



Мотив со трки со коњски кочии на античка вазна



# Отстранување на пречките

На последните олимписки игри сведоци сме дека натпреварувачките се појавуваат на сцената во атлетика и во пливање со сè помалку облека на себе. Со тоа се намалува отпорот на ветрот и водата, а и тежината е помала. Пливачите дури и се бричат, за да ја добијат и таа мала предност. Но сепак, сè уште не сме се вратиле на состојбата на оригиналните олимписки натпреварувачи, кои трчале наполно голи. Можеби тоа била причината зошто жените биле исклучени од игрите во тоа време. Апостол Павле го споменал овој обичај кога сакал да извлече духовна порака: *„Да отфрлиме од себе секакво бреме и грев, што лесно се прилепува за нас, и со трпеливост да побрзаме кон претстојната борба (трка)“* (Евреите 12,1). Атлетичарите што сакале да се натпреваруваат во Олимпија, требало да поминат низ ригорозна обука десет месеци пред започнувањето на игрите. Обраќајќи им се на христијаните што живееле во Коринт, недалеку од Олимпија, Павле напишал: *„Не знаете ли дека оние што се натпреваруваат на стадион (во трка), трчаат сите, но само еден добива награда? Па така, трчајте и вие, за да добиете. Секој натпреварувач се воздржува од сè: тие – за да добијат распадлив венец, а ние – нераспадлив. Јас, пак, така трчам, но не како без цел; не се борам како оној што удира по ветар, туку го истоштувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен“* (1. Коринќаните 9,24-27).



Ателетичарите во античко време се натпреварувале сосем голи за да ја намалат секоја пречка (Дискоболос, Мирон)

## Храмот на Зевс

Познатиот храм посветен на Зевс бил започнат во 466 г. пред Христа и биле потребни десет години за да се изгради. Околу дваесет години по завршувањето на храмот, еден познат грчки скулптор, Фидија, бил назначен да изработи статуа на Зевс која ќе биде достојна за таквиот храм. Во тоа време биле популарни огромни статуи изработени од слонова коска и злато, па уметниците имале изградено еден метод за подигање на дрвена рамка за средината на статуата, а потоа го покривале со надворешен слој од слонова коска и злато. Според тоа, секој дел од скулптурата требало да биде завршен одделно, а потоа вешто прицврстен на своето место без да се забележи местото на спојување – задача која веројатно била многу попрецизна од самото обликување на парче мермер. Огромната статуа на Зевс била едно од седумте светски чуда сè до 391 г. по Христа, кога христијанското свештенство, кое било главна политичка сила, го наговорило императорот Теодосиј, да ги укине паганските култови и да ги затвори нивните храмови. Така прекинало обожавањето на Зевс и игрите во Олимпија.



## Коринтскиот канал



Полуостровот бил одвоен од копното со тесен премин, со ширина од 4 км. За да го избегнат патувањето околу полуостровот, бродовите можеле да бидат влечени преку камен плочник кој бил поставуван пред нив. Во четвртиот век пред Христа Александар Велики размислувал да го пресече каналот, а во 67 г. по Христа императорот Нерон всушност ја ископал првата дупка со златна лопата за да го пресече каналот. Но, жителите на полуостровот стравувале дека ако нивната земја се одвои од копното со вода би можела да отплови во Средоземното Море. Тие толку жестоко протестирале што проектот морал да биде откажан. Дури во 1881 г. европски инженери започнале со копање на каналот кој бил пуштен во употреба во 1893 г.

Најважниот град Коринт се наоѓал на само 4 км јужно од каналот и бил крстопат на трговијата и културата во тој регион. Археолошките ископувања во Коринт започнале во 1896 год. од страна на Американското училиште за класични студии, кое продолжило со својата работа сè до неодамна.

## Павле во Коринт

Ваквите околности претставувале добра заднина за искуството на апостол Павле во Коринт. Тој го посетил големиот културен центар во Атина. Таму имал можност да разговара со некои од најголемите филозофи во тоа време. Неговата проповед на ридот Марс претставувала ремек-дело на логиката и елоквенцијата, истакнувајќи ја големата страст на неговата вера – Исусовото воскресение од мртвите. Но, *„кога чуја за воскресението од мртвите, едни се насмеаја, а други рекоа: 'Другпат сакаме да послушаме за тоа'“* (Дела 17,32). Само малкумина ја прифатиле неговата порака, но резултатите од неговата служба во Атина биле многу скудни.

Од Атина Павле се упатил кон Коринт. Веројатно тоа претставувало прекрасна прошетка покрај брегот на блескавото сино море, но Павле бил вознемирен. Што би можел да направи во Коринт за да постигне подобри резултати отколку во Атина? Додека размислувал за ова прашање, тој одлучил како да постапи. Пишувајќи им подоцна на верниците на црквата во Коринт, тој им се обратил: *„И јас, браќа, кога дојдов кај вас, не дојдов да ви го соопштам Божјото сведоштво со возвишена беседа или мудрост, бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа – Распнатиот“* (1. Коринќаните 2,1.2).

Планот му успеал. *„И секоја сабота тој зборуваше во синагогата и ги убедуваше Јудејците и Елините... Тој остана таму една година и шест месеци и ги поучуваше во словото Божјо“* (Дела апостолски 18,4.11).





Поден мозаик во една од вилите во Коринт

## Павле изведен **пред суд**

Но, неговиот успех не ги израдувал Евреите, кои *„еднодушно го нападнаа Павле и го одведоа на суд, велејќи: тој ги учи луѓето да Го почитуваат Бога спротивно на Законот“* (Дела апостолски 18,12.13). На тоа добиле само кус одговор од Галион, намесникот во Ахаја. Кога Павле сакал да проговори во своја одбрана, *„Галион им рече на Јудејците: ‘Јудејци, ако имаше некоја неправда или зло дело, лукаво, веднаш ќе ве ислушав по должност; но, штом е препирката за учење и за имиња, и за вашиот Закон, разгледајте сами, зашто јас не сакам да бидам судија во тие работи.’ И ги истера од судот. Тогаш сите Елини го фатија Состен, началникот на синагогата, и го биеја пред судот, а Галион и не обрнуваше внимание на тоа“* (Дела 18,14-17).

Местото каде што се одигрувала оваа драма се нарекувало Бема или судска столица (суд), која била идентификувана од страна на археолозите бидејќи го носела името на Ераст, главниот благајник на градот во тоа време. Очевидно, Ераст бил еден од обратениците на апостол Павле. Кога Павле бил во Коринт напишал писмо до христијаните во Рим кое го завршил со зборовите: *„Ве поздравува Ераст, градскиот благајник“* (Римјаните 16,23). На една камена плочка пронајдена во близина на големиот театар во Коринт, втиснат е следниот натпис: „Ераст го поплочи овој дел со свои средства, како благодарност за позицијата благајник.“ Се чини дека станува збор за истата личност за која пишувал и Павле.




Плочката со натписот во кој се споменува името на благајникот Ераст

## **Проблемот** со различни јазици во Коринт

Со самиот факт дека Коринт бил космополитски град, тој се соочувал со проблемот на различни јазици. Всушност, јазиците секогаш претставувале проблем при проповедање на евангелието. Во Ерусалим, на денот Педесетница, педесет дена по Исусовото воскресение, имало Евреи од целата Римска империја. Многу од нив не зборувале еврејски ниту арамејски јазик. Затоа Бог на чудесен начин ги оспособил апостолите да проповедаат на странски јазици. *„И сите се исполнија со Дух Свети, и почнаа да зборуваат на други јазици, онака како што им даваше Духот Свети да изговараат“* (Дела 2,4). Ова многу ги збунило странските посетители. *„И сите вчудени и восхитени, говореа: ‘Овие што зборуваат, зар не се сите Галилејци? Па како тогаш слушаме како секој од нив зборува на нашиот мајчин јазик?’“* (Дела 2,7.8). Постоел само еден одговор на тоа прашање. Тоа БИЛО божествено чудо – излевање на дарот за зборување јазици. Овој дар бил од голема полза за првата црква. Додека апостолите и верниците ја ширеле радосната вест за Христа, тие можеле да комуницираат и со луѓето чиј мајчин јазик претходно не го знаеле.

## **Злоупотреба** на дарот за зборување јазици

Имало и такви верници кои го имале овој дар за зборување јазици, но кои не се однесувале секогаш соодветно. Ваквата појава била особено забележлива во Коринт, каде што се зборувало на многу различни јазици. Мнозина се среќавале со верниците и зборувале јавно на јазик кој другите присутни не го разбирале. Понекогаш неколкумина зборувале во исто време. Павле морал да ги посоветува да се однесуваат пристојно. *„Во светот има којзнае колку разни јазици, и ниеден од нив не е без значење. Ако, пак, не го разбирам значењето на тие гласови (јазици), тогаш за оној што зборува ќе бидам туѓинец, а и тој за мене туѓинец... Ако некои зборуваат на непознат јазик, двајца или најмногу тројца, нека зборуваат по ред, а еден да толкува“* (1. Коринќаните 14,10.11.27).







Денес постојат многу христијани кои погрешно го разбираат овој совет. Тие стануваат подложни на некаков дух и брборат некакви неинтелигентни бесмислици, а веруваат дека имаат дар за јазици. Ваквите претстави вообичаено се ограничени на оние што веруваат во овој дар. Но тоа не е библискиот дар за зборување. Павле напишал: *„Јазиците не се знак за оние што поверувале, туку за оние што не поверувале“* (22. стих). Библискиот дар за јазици има цел да им ја пренесе вистината на оние кои сè уште не поверувале. Тоа не е емоционално искуство за верниците кога се собираат во црква.

## **Дарот** на пророштвото

Сепак, имало и таков дар кој требало да ѝ биде од полза на црквата. Павле продолжил: *„Пророкувањата, пак, не се за оние што не веруваат, туку за оние што веруваат“* (22. стих). Меѓу народот имало пророци долго време. Бог *„говореше одамна преку устата на своите свети пророци“* (Лука 1,70). Уште од времето кога гревот го одвоил човекот од Бога и кога престанала нивната комуникација лице в лице, Бог ги испраќал своите пораки за љубов и милост преку негови избрани гласници. Пророк не е лице кое само ја предвидува иднината. Пророкот најнапред е лице преку кое Бог го советува својот народ. Господ рекол: *„Ако меѓу вас има пророк Господов, јас му се откривам во видение, на сон зборувам со него“* (4. Мојсеева 12,6). Во текот на целиот старозаветен период, од Мојсеј до Малахија, Бог му говорел на својот народ преку пророци. Овој дар исто така се манифестирал и во првата црква. Петар, Јаков, Јован и Павле биле пророци. Додека Павле бил во Коринт *„му рече Господ на Павле во видение ноќе“* советувајќи го да остане во Коринт (Дела 18,9). А Павле им напишал на верниците во Коринт, советувајќи ги да го бараат ваквиот дар. *„Ревнувајте за духовните дарови, а особено да пророкувате“* (1. Коринќаните 14,1).

# **Важноста** на пророштвото



Меѓу духовните дарови што биле од огромна важност за црквата, дарот на пророштвото имал најголем приоритет. Дарот за зборување јазици, иако многу потребен во одредени околности, се наоѓал многу подолу на списокот. *„И некои од вас Бог постави во црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за помагање, за управување и за зборување на разни јазици“* (1. Коринќаните 12,28). Но, без оглед каков дар примил верникот, тоа не било негов избор.

Некои верници денес сметаат дека мора да го имаат дарот за јазици и дека, во спротивно, нешто не е во ред со нивното верско искуство. Но Бог бил тој кој одлучувал каков дар ќе прими верникот *„распределувајќи секому поодделно, како што сака“* (Римјаните 12,11).

## Дарот на пророштвото **денес**

Овие духовни дарови не биле ограничени само на првата црква. Тие ѝ биле потребни на црквата во сите векови. За дарот на пророштвото особено се споменува дека ќе постои сѐ до крајот на светот. Павле им напишал на Коринќаните: *„Зашто се утврди во вас Христовото сведоштво, така што не сте лишени од ниеден дар вие, што го очекувате откровението на вашиот Господ Исус Христос“* (1. Коринќаните 1,6.7). *„Исусовото сведоштво“* е *„духот на пророштвото“* (Откровение 19,10), кој треба особено да се манифестира во последните денови од историјата на овој свет. Јован напишал: *„И се разлути змевот на жената и отиде да војува со **другите** од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос“* (Откровение 12,17). Посебните обележја на ***„другите“*** во овие последни денови се држењето на Божјите заповеди и поседувањето на духот на пророштво. Адвентистите веруваат дека живееме во последно време, на крајот на животот на оваа планета, тие ги држат Десетте Божји заповеди, вклучувајќи ја и четвртата која се однесува на празнување на саботата, и веруваат дека дарот на пророштвото се манифестирал преку визиите и списите на Елена Г. Вајт.

## Пророчици во **Библијата**

Некои можеби спорат околу Божјата употреба на жената како Негов пророк, но таквото сомневање го открива нивното непознавање на Библијата. Бог често пати повикувал некоја жена да ја преземе улогата на пророк. Сестрата на Мојсеј, Мирјам, била пророчица. (2. Мојсеева 15,20). Исто и Девора, сопругата на Лапидот (Судии 4,4) и Хулда (2. Царевите 22,14). Во Новиот завет се сретнува пророчицата Ана (Лука 2,36), а Филип *„имал четири ќерки девици кои пророкувале“* (Дела 21,9). Но, дали списите на Елена Вајт се



„И пророчицата Мирјам, сестрата Аронова (и Мојсеева), зеде тимпан во раката своја, а по неа излегоа сите жени со тимпани и во хор.“



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# ДИЈАНА ЕФЕСКА

***1.*** Кое било грчкото име на божицата Дијана? Одговор:

***2.*** Кој го пронашол храмот на Артемида? Одговор:

***3.*** Како знаеме како изгледал храмот на Артемида?

***4.*** Во библиските пророштва

а) што претставува добрата жена? (а)

б) што претставува лошата жена? (б)

***5.*** Кои се двете главни бои на Римокатоличката црква? Одговор:

***6.*** Каде бил Јован кога ги добил виденијата за Откровението?

Одговор:

***7.*** Според Библијата, колку посредници има меѓу Бог и човекот?

Одговор:

***8.*** Што имала во рака жената од пророштвото во Откровение 17?

(а)

***9.*** Колку луѓе владееле со моќта на зверот во Откровение 13?

Одговор:

***10.*** Пополнете ги празните места во стихот Римјаните 5,1.

Одговор: „И така, оправдани преку ____ имаме ____ со Бога, преку нашиот Господ ____ ____ .“

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)*

# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

## КОРИНТ НА КРСТОПАТ

1. Именувај три антички града на полуостровот Пелопонез.
   Одговор:
2. Кој познат храм се наоѓал на Олимпија? Одговор:
3. Кој важен град се наоѓал во близината на полуостровот? Одговор:
4. Кој бил наместник во Коринт кога Павле бил обвинет од страна на Евреите?
   Одговор:
5. Кој дар од Светиот Дух ги оневозможил апостолите да се снајдат со проблемот со јазикот? Одговор:
6. Кој дар бил даден посебно
   (а) за неверните? Одговор:
   (б) за верниците? Одговор:
7. Кое е Исусовото сведоштво?
   Одговор:
8. Именувај три жени од Стариот завет кои биле пророчици.
   Одговор:
9. Именувај три пророци кои напишале книги кои не се вклучени во сегашната Библија.
   Одговор:
10. Именувај три начини според кои се проверува дали некој е пророк или не.
    Одговор:

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)*

**Ваши податоци**

Име и презиме | Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



уште една Библија? Се разбира, не. Имало многу пророци кои напишале книги што не биле вклучени во Библијата. Нивните списи претставувале пораки кои биле од голема важност во времето во кое живееле тие, но не и во други временски периоди. Постоеле и други книги, како на пример *„Книга на пророкот Натан... и Книга на Гад, јасновидецот“* (1. Дневникот 29,29). Потоа, „Книгата на Праведникот“ (2. Самоилова 1,18), „пророштвото на Силомецот Ахија“ и „виденијата на јасновидецот Једо“ (2. Книга летописи 9,29). Ниту една од овие книги не е вклучена во нашата Библија, но тие исто така биле вдахновени за одреден период.




## Лажни пророци

Се разбира, во минатото имало и многу лажни пророци, па Исус ги предупредил своите следбеници да внимаваат на лажните пророци во иднината. *„Пазете се од лажните пророци“*, рекол тој, *„кои доаѓаат кај вас во овча кожа, а однатре се волци грабливи“* (Матеј 7,15). Значајно е дека тоа негово предупредување не се однесувало на сите пророци. Напротив, Исус рекол дека ќе испрати пророци во својата црква (Матеј 23,34). Значи, ако Исус испрати пророк во црквата, ние би требало да ја слушаме неговата порака.

Но, како ќе знаеме кој пророк е вистински а кој е лажен? *„Според нивните плодови ќе ги препознаете“* (Матеј 7,20). Животот на вистинскиот пророк ќе биде во согласност со учењата на Библијата.

Пред многу години престојував во еден град каде што имаше човек кој тврдеше дека е пророк. Но секоја саботна вечер тој се опијануваше, па полицијата мораше да го собере од хотелот и да го затвори во полициската станица во текот на ноќта. Следното утро го ослободуваа, а тој одеше да проповеда во својата црква. Немав никаква тешкотија да заклучам дека станува збор за лажен пророк. Еден пророк може да предвидува нешта што ќе се случат, но *„ако пророкот говори од името на ГОСПОД, и зборовите не се збиднат и не се исполнат, тогаш ГОСПОД не ги кажал тие зборови“* (5. Мојсеева 18,22). Бог никогаш не греши. Некои пророштва биле условни и не се исполниле затоа што условите не биле исполнети, но ако некој каже погрешно пророштво, можете да бидете сигурни дека тој или таа е лажен пророк.

## Закон и сведоштво барајте

Уште еден тест за проверка на пророковите тврдења се наоѓа во Исаија 8,20: *„Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш во нив нема светлина.“* Некој пророк или пророчица можат да направат некое прекрасно чудо. Исус рекол: *„Мнозина ќе ми речат во оној ден: Господи, Господи, нели во твое име пророкувавме? И зар во твое име*

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 15, година II, 2017 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

*демони не изгонувавме? И нели во твое име чуда правевме?“* (Матеј 7,22). Но, ако нивните учења не се во согласност со Библијата, ние треба да ги отфрлиме. Ако нивното учење не вклучува послушност на Десетте Божји заповеди, Исус ќе им рече: *„Никогаш не сум ве познавал; бегајте од мене, вие што правите беззаконие!“* (Матеј 7,23).

Во еден град во Квинсленд запознав еден човек кој зборуваше на разни јазици и тврдеше дека е пророк. Секоја недела навечер тој проповедаше со голем жар, а потоа со жена му заминуваа во својот дом водејќи со себе една млада девојка од црквата. Откако ќе поминеше одредено време насамо со девојката, проповедникот ќе ја однесеше во нејзиниот дом. Кога ја прашаа неговата сопруга зошто го толерира прекршувањето на седмата заповед, таа одговори дека не може да се противставува. Бог му дал на нејзиниот сопруг дар за зборување јазици, па веројатно го одобрува таквото негово однесување. Но Бог не размислува на таков начин.


Елена Г. Вајт во младоста

Ако човек намерно ги прекршува Десетте заповеди, тој не може да биде вистински Божји пророк.

## Ќе имате успех

Но, тие што ги прифаќаат советите на вистинскиот пророк, ќе бидат богато наградени. Исус рекол *„Кој прима пророк во пророчко име, ќе добие пророчка награда“* (Матеј 10,41). Добриот цар Јосафат дал еден многу добар совет: *„Верувајте му на Господ, вашиот Бог, и бидете цврсти; верувајте им на пророците негови и ќе имате успех“* (2. Книга летописи 20,20).

Многу ја сакам Библијата и сметам дека нејзините вистини претставуваат клуч за вечен живот. Исто така, сум почувствувал голема полза од проучувањето на списите на Елена Вајт. Сметам дека се тие целосно во согласност со учењата на Библијата и јас најсрдечно ви ги препорачувам.


**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

**ОБИЧАИ и РИТУАЛИ ФЕНИЧАНИТЕ ОГАН и ВОДА**

- Јовановото крштавање било различно
- Исус поставил пример
- Феникиската религија
- Водниот систем во Хасор
- Земјата е пуста 1000 години
- Долината Ге-Хином

